Уп. бр. 08-24

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Форд Мотор Компани со регистрирано седиште на Оне Американ Роад, Деарборн, 48126 Мичиген, САД, БМВ (СД) Холдинг Корп. со регистрирано седиште на 300 Честнат Риџ Роад, НЏ 07677 Вудклиф Лејк, САД и Американ Хонда Мотор Ко., Инк со регистрирано седиште на 1919 Торенс бул., Торенс, СА 90501, САД, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од од Скопје, на седницата одржана на ден 26.02.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Форд Мотор Компани со регистрирано седиште на Оне Американ Роад, Деарборн, 48126 Мичиген, САД, БМВ (СД) Холдинг Корп. со регистрирано седиште на 300 Честнат Риџ Роад, НЏ 07677 Вудклиф Лејк, САД и Американ Хонда Мотор Ко., Инк со регистрирано седиште на 1919 Торенс бул., Торенс, СА 90501, САД, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување кое ќе биде активно во обезбедувањето мрежни услуги за електричните комунални друштва и системските оператори, преку паметно управување со оптоварување и агрегација на податоци за енергијата на батериите на електричните возила, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на Форд Мотор Компани со регистрирано седиште на Оне Американ Роад, Деарборн, 48126 Мичиген, САД, БМВ (СД) Холдинг Корп. со регистрирано седиште на 300 Честнат Риџ Роад, НЏ 07677 Вудклиф Лејк, САД и Американ Хонда Мотор Ко., Инк со регистрирано седиште на 1919 Торенс бул., Торенс, СА 90501, САД, која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Форд Мотор Компани, БМВ (СД) Холдинг Корп и Американ Хонда Мотор Ко., Инк. Откако ќе се воспостави, заедничкото вложување-

ЧарџСкејп ќе биде оперативно само во САД и Канада, истото ќе биде активно во обезбедувањето мрежни услуги за електричните комунални друштва и системските оператори, преку паметно управување со оптоварување и агрегација на податоци за енергијата на батериите на електричните возила.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**Форд Мотор Компани** е глобална компанија и крајно матичо друштво на Групацијата Форд. Форд Мотор Компани развива и испорачува иновативни камиони Форд, спортски возила, комерцијални комбиња и автомобили и луксузни возила Линколн, заедно со поврзани услуги. Компанијата го прави тоа преку три деловни сегменти насочени кон клиентите: Форд Блу, инженерски иконски возила на гас и хибридни возила; Форд Модел со пронаоѓање на епохални ЕВ со вграден софтвер кој дефинира исклучителни дигитални искуства за сите клиенти; и Форд Про кој им помага на комерцијалните клиенти да ги трансформираат и прошират своите бизниси со возила и услуги прилагодени на нивните потреби. Дополнително, Форд продолжува со изнаоѓање решенија за мобилност преку Форд Некст и обезбедува финансиски услуги преку Форд Мотор Кредит Компани.

Форд Мотор Компани нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија, но остварил приходи во Северна Македонија од продажби на независен дистрибутер/увозник со седиште во Кипар.

- **БМВ (СД) Холдинг Корп.** е претпријатие-ќерка на Групацијата БМВ со седиште во САД, предводена од Бајерише Моторен Верке Акциенгезелшафт ("БМВ АГ"), со седиште во Минхен, Германија, матичното друштво на Групацијата БМВ.

Групацијата БМВ развива и произведува иновативни премиум автомобили и мотоцикли на светска основа. Таа е посветена на индивидуалната мобилност и зазема водечка позиција на пазарот во сегментот на премиум автомобили и мотоцикли, како и во сегментот на финансиски услуги. БМВ, МИНИ, Ролс Ројс Мотор Карс и БМВ Моторад се меѓу најпознатите брендови во светот. На 31 декември 2022 година, Групацијата БМВ вработуваше работна сила од 149.475 луѓе ширум светот.

БМВ (СД) Холдинг Корп. нема претпријатие-ќерка, филијала или претставништво во Северна Македонија, но е присутна преку независен дистрибутер.

-**Американ Хонда Мотор Ко.** е северноамериканско претпријатие-ќерка на Хонда Мотор Ко. Лтд. и крајното матично друштво на Групацијата Хонда. Американ Хонда Мотор Ко. е основано во 1959 година. Друштвото ја надгледува продажбата на производи и услужните активности во Соединетите Држави, како и координирање на регионалните функции меѓу компаниите на Хонда во Северна Америка и е одговорна за дистрибуција, маркетинг и продажба на автомобили од брендовите Honda и Акура, производи Хонда Пауерспортс (мотоцикли, скутери, возила side-by-sides и возила за сите терени), производи Хонда Пауер Еквипмент (градинарски алати и генератори), производи Хонда Енџинс и мотори Хонда Марин во Соединетите Држави. Претпријатие-ќерка во целосна сопственост, Хонда Еиркрафт Компани ЛЛЦ го произведува и дистрибуира авионот ХондаЏет.

Американ Хонда Мотор Ко. нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Откако ќе се воспостави, заедничкото вложување - ЧарџСкејп - кое ќе биде оперативно само во САД и Канада - ќе биде активно во обезбедувањето мрежни услуги за електричните комунални друштва и системските оператори, преку паметно управување со оптоварување и агрегација на податоци за енергијата на батериите на електричните возила.

ЧарџСкејп се планира да биде платформа бизнис до бизнис ("B2B") софтвер-како услуга ("SaaS") која создава единствен, економичен интерфејс помеѓу комуналните претпријатија, системските оператори и производител на оригинална опрема.

ЧарџСкејп ќе овозможи паметна употреба на батерии за приклучните електричните возила со безбедно обезбедување на податоци за енергија, како што се управување со агрегатната побарувачка, усогласување на полнењето и користење на батерии за електричните возила во часови со евтина тарифа и достапност на висока обновлива енергија.

Не е планирано ЧарџСкејп да има активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.
Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**